РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2394/2
21-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-та седница, одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр. 12-2394/1 од 09.07.2020 година, со наводи против ---------- ---------- на Македонија поради сомневање за незаконити донации, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по предметниот случај постапиле други надлежни органи, и донеле одлуки во рамки на својата надлежност.

Предметот со број 12-2394/1 од 09.07.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ---------- ------------ и од Адвокатска канцеларија „-------------"од -------- во негово име, до ДКСК е поднесена пријава со бр. 12-2394/1 од 09.07.2020 година, по која е оформен предмет со наводи против ---------- ---------- на Македонија поради сомневање за незаконити донации на политички партии во врска со издавање на користење на деловен простор на атрактивни локации и слично, а за кои со години не се плаќала предвидената закупнина од правните лица закупци. Во конкретниот случај, станува збор за наводи за сомневање во договор за деловна соработка во периодот од 2009 до 2014 година склучен помеѓу правното лице --------- ------ и --------- ---------- на Македонија, со кој бил издаден државен објект - деловен простор под закуп а за кој со години не се плаќала закупнината, па подносителот на пријавата се сомнева дека оваа сума на закупнина која не била платена можело да преставува извор за незаконити донации на политички партии од страна на --------- ---------- на Македонија. За наведените сомневања во прилог на пријавата од страна на подносителот доставена е прилог документација.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата и од извршениот увид во целокупната документација доставена во прилог на пријавата, од страна на ДКСК констатирано е дека за предметниот случај постапиле други надлежни органи кои донеле одлуки од своја надлежност.

Имено, по кривична пријава за случајот поднесена од подносителот на пријавата, постапило надлежно јавно обвинителство кое на 19.02.2016 година донело одлука од своето надлежно постапување, резолуција, дека не се поведува кривична постапка бидејќи пријавениот кривично правен настан не содржел елементи на законското битие на кривично дело. За оваа одлука бил известен подносителот на кривичната пријава. Воедно, за предметната кривична пријава, по барање на Транспаренси Интернејшнл Македонија - Скопје, а во врска со до нив поднесено барање од подносителот на пријавата, постапило и Јавното обвинителство на РСМ кое на ден 21.02.2017 година повторно извршило увид и надзор во

предметот на ОЈО Велес при што не биле констатирани неправилности во постапувањето на предметниот јавен обвинител.

По поднесена кривична пријава од страна на подносителот на пријавата во 2017 година, против службените лица --------- ------------ и ------ ------------, двајцата од Скопје, за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, предметот бил распореден во работа во ОЈО Велес како стварно и месно надлежно да постапува, по која било донесено Решение од 14.06.2018 година и пријавата била отфрлена бидејќи пријавеното дело не било дело за кое се гони по службена должност. На ова Решение била поднесена жалба до Вишото јавно обвинителство на ден 02.07.2018 година, по која било постапено и било донесено Решение од 30.07.2018 година, со кое се потврдува Решението за отфрлање на кривичната пријава.

Исто така, подносителот на пријавата се обратил и до Народниот правобранител кој постапил и на ден 02.07.2018 година го известил дека по однос на неговото барање со кое тој побарал забрзување на постапката по поднесената кривична пријава од 2017 година, Народниот правобранител ја запира постапката поради тоа што по поднесената предметна кривична пријава постапката била се уште во тек пред ОЈО Велес.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по однос на предметните наводи постапиле други надлежни органи, а воедно за конкретниот случај била поведена и кривична пријава по која постапило надлежно јавно обвинителство. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по однос на предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Доставено до : подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.,
Одобрил :м-р В.Г., член на ДКСК